Архивски знак:
Рок на чување:
20 година
Потпис,

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-279/2
02.11.2017 год.



Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија ( во понатамошниот текст: Советот) одлучувајќи по известување од 27.10.2017 година на подносителот друштво за ревизија и процена КНИ - ПРОКОМ ДОО Прилеп за соодветно постапување, врз основа на член 16 став 1 точка 2 и став (3) точка 2) од Законот за ревизија ("Сл. Весник на Република Македонија 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 184/14, 145/15, 192/15 и 23/16"), на седница одржана на ден 01.11.2017 година го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ТРАЈНО СЕ ОДЗЕМА** лиценцата за вршење на работи на ревизија на друштво за ревизија и проценка КНИ - ПРОКОМ ДОО Прилеп, поради неисполнување на условите од член 24 став (1) точка 1) од Законот за ревизија.

2. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесување и истото ќе се објави во Службен Весник на Република Македонија.

*Образложение*

Согласно член 16 став 1 точка 2 и став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот трајно ја одзема лиценцата за работа на друштво за ревизја кое не ги исполнува условите предвидени во член 24 од Законот за ревизија.

Друштво за ревизија и проценка КНИ - ПРОКОМ ДОО Прилеп до Советот има поднесено известување на ден 27.10.2017 година, со кое не известува дека повеќе не ги исполнува условите од член 24 од Законот, односно дека заклучно со 28.08.2017 година имало вработено двајца овластени ревизори. Како доказ кон известувањето доставија одјава ( образец М1/М2 ) за вториот овластен ревизор. Со истиот допис го известуваат Советот дека друштвото за ревизија и проценка КНИ – ПРОКОМ ДОО Прилеп нема да продолжи со дејноста ревизија за што доставуваат и Одлука која е донесена од страна на собир на содружници на друштвото.

Врз основа на горенаведеното, а во врска со член 16 став 1 точка 2 и став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на ден 01.11.2017 година одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна може да поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**в.д. Претседател на Советот**
**Премтим Исени**

Доставено до:

- подносителот,
- Институтот на овластени ревизори на Р.Македонија
- Архива на Советот